ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 30 НОЕМВРИ 2022

ТОП ВЕСТИ:

- Отчет: една година локална власт. Обезбедени инвестиции од 180 милиони денари во првата година од вториот мандат на градоначалникот Трајковски
- Буџетски форум за креирање на Буџетот за 2023
- Донација за ТППЕ Делчево од Швајцарија
- Делчево домаќин на 9. Стручен собир на пожарникари

## Отчет: една година локална власт. Обезбедени инвестиции од 180 милиони денари во првата година од вториот мандат на градоначалникот Трајковски




## Буџетски форум за креирање на Буџетот за 2023



## Донација за ТППЕ Делчево од Швајцарија



## Делчево домаќин на 9. Стручен собир на пожарникари




Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Одржана 15 Седница на Советот на Општина Делчево



Општина Делчево и за учебната 2022/23 година ќе доделува 28 ученички и студентски стипендии. Согласно со одлуките донесени на 15 Седница на Советот на Општината, условите остануваат непроменети, односно ќе се доделуваат 10 студентски стипендии во две категории и 18 средношколски стипендии во две категории: 4 студентски стипендии за студенти кои студираат на државните универзитети и постигнале особени високи резултати со висина на стипендијата од 3.500 ден; 6 стипендии за студенти кои студираат на државните универзитети, а потекнуваат од семејства со ниски месечни приходи со висина на стипендијата од 2000 ден; 8 стипендии за средношколци од 2,3 и 4 година кои учат во СОУ „М.М.Брицо" и постигнале особено висок успех со висина на стипендијата од 1.500 ден и 10 стипендии на одлични ученици кои потекнуваат од семејства со ниски месечни приходи со висина на стипендијата од 1.000 ден.

Советниците донесоа и одлуки со кои се дадоа на трајно користење на ЈКП „Брегалница" возило за компактирање со задно полнење ИВЕКО и 169 метални контејнери согласно со потпишаниот Договор меѓу Општина Делчево и Министерството за финансии.

Советниците го усвоија Годишниот извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови" за воспитната 2021/2022 и Годишната програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за воспитната 2022/2023 година.

Покрај другите точки на Дневниот ред, советниците донесоа и одлуки поврзани со урбанистичко-планските документации.

На продолжението на Седницата на Советот, советниците го усвоија Ребалнасот на Буџетот за 2022 г. со одредени забелешки. Исто така, советниците усвоија одлуки за финансиска поддршка на КК „Патриот" во износ од 30.000 денари, како и на две физички лица за лекување на кои се одобрија по 10.000 денари.

Совет на Општина Делчево

# Одржана 16 Седница на Советот на Општина Делчево

Совет на Општина Делчево

Извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за третиот квартал од 2022 година изнесува 66%, односно од вкупно планираните приходи во износ од 303.975.385 ден. за третиот квартал се наплатени 200.854.123 денари. Ова беше нотирано во Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Делчево за третиот квартал од 2022 г. кој беше усвоен од советниците на 16 Седница на Советот на Општина Делчево. Согласно Извештајот, во Основниот буџет, од планирани 97.117.000 се наплатени 61.007.421 ден. или 63%.

Во Буџетот на дотации од планирани приходи во износ од 182.945.807 се наплатени 125.219.175 или 68,4%, во Буџетот на донации од планирани 5.374.578 наплатени се 4.521.800 ден. или 84% и во Буџетот на самофинансирачки активности од планирани 12.838.000 се наплатени 5.588.369 денари или 43,5%. Даночните приходи се наплатени во износ од 28.643.245 ден. од вкупно планирани 44.053.000 ден. или 65%, а најголема наплата е наплатата од даноци на имот и тоа во износ од 12.993.486, од даноци од специфични услуги во износ од 12.559.539 ден. Капиталните приходи се наплатени во износ од 5.029.216 ден. од вкупно планирани 5.550.000 ден.или 90%. Вкупните расходи се планирани во износ од 303.975.385 ден. Од нив се реализирани 195.404.846 или 64%. Во Основниот буџет од вкупно планирани 97.117.000 ден. реализирани се 58.523.503 ден. или 60%. Капиталните расходи кои се реализирани во износ од 16.700.486 ден. од планираните 39.424.000 или 42,3% и најголем дел од нив се исплатени за изградба на други објекти односно за изградба на градскиот пазар во износ од 7.689.813 ден.

На Седницата, Советниците донесоа Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево со која се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу општините од ИПР, заради заедничко вршење на работите од надлежност на општините во рамките на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион“. Исто така, советници ја усвоија и Одлуката за формиарње заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од ИПР, а именуваа и членови на заедничката комисија од Општина Делчево.

Советниците го усвоија Планотот на програмата за равој на Општина Делчево за 2023 со која се предвидува изградба на улици на новиот пазар во Делчево: изградба на ул. 6.1 и изградба на тротоар на улица 4. Одобрениот план на програмите за развој ќе биде составен дел на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година.

Советниците донесоа Одлука за задолжување со комунална такса за користење и одржување на јавното осветлување согласно со која со комунална такса за користење и одржување на јавното осветлување се задолжуваат сите иматели на броило од категоријата домаќинство и сите иматели на броило од категоријата останати потрошувачи регистрирани во трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија на територијата на Општина Делчево вклучувајќи ги сите населени места. Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за ослободување од плаќање комунална такса за јавно осветлување на иматели на електрични броила за мерење на електрична енергија бр.09-370/1 од 10.02.2020година.

На 16 Седница беа донесени одлуки за формирање на: Локален совет за превенција;

Совет за јавно здравје на Општина Делчево; Комисија за заштита на правата на пациентите; Совет за заштита на потрошувачите, како и Одлука за одобрување финансиски средства за печатење на книгата „Дејноста на МРО во Пијанец од создавањето до крајот на Илинденското востание“, Одлука за одобрување финансиски средства на НВО„КХАМ“ во висина од 60.000 денари, средства за реализација на проектот „Да подариме насмевка на секое дете“, како и Одлука за одобрување финансиски средства на на Кик -боксинг клуб „АС“ од Делчево;

Советниците донесоа Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година во членот 15 со што на вработените во општинската администрација им се укинува правото на дневници за службени патувања.

Во врска со барањето на Месната заедница с. Вирче од 17.11.2022 година, а кое се однесува на проблемот со водоснабдувањето во с. Вирче, Советот на Општина Делчево донесе заклучоци, меѓу кои се задолжува Секторот за урбанизам да направи увид во целокупната документација во врска со водоснабдувањето во с. Вирче и заедно со надлежните служби во ЈКП „Брегалница“-Делчево и во соработка со ЕВН-КЕЦ Делчево, да направат увид на лице место за утврдување на фактичката состојба, да изготви Извештај и да предложи предлог-мерки за решавање на проблемот со водоснабдувањето во с. Вирче.

Актуелности

# Обезбедени инвестиции од 180 милиони денари во првата година од вториот мандат на градоначалникот Трајковски




Почитувајќи го начелото на отчетност и транспарентност, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, на прес-конференција го презентираше сработеното за период од 12 месеци од вториот мандат како градоначалник на Општина Делчево. Трајковски посочи дека во овие 12 месеци локална власт, обезбедени се инвестиции во висина од над 180 милиони денари.

-Овие средства сами не се одработуваат, потребна е тимска и макотрпна работа и максимална посветеност. Во оваа прилика изразувам благодарност до вработените во Општина Делчево за нивната посветеност и одговорност во подготовката на потребната техничка документација и реализацијата на проектите, за нивниот ангажман и прекувремената работа.

Затоа, од овде денеска сакам да испратам порака и остро да се спротивставам на одредени советници кои јавно и безобразно ја напаѓаат општинската администрација и, како градоначалник, застанувам на страната на работниците и нема да се согласам со кршење на нивните права утврдени со закон, напротив, следејќи ги насоките од Владата и законските регулативи, ќе работам во насока, работникот да биде почитуван и мотивиран. Омаловажувајќи ги работниците, ниту еден кој седнал во фотелја во некој орган на управување, нема да си го зголеми угледот во средината. Угледот се заслужува со работа и со домашно воспитување. Во таа смисла е извршено и усогласување на платите и на пожарникарите и на вработените во Општината кои земаа минимална плата, рече Трајковски.

Во отчетот, Трајковски ги потенцираше капиталните проекти:

Почна изградбата на пречистителната станица за вода за пиење со придружни објекти и фотоволтаична централа во рамките на Проектот за подобрување на водоснабдување на Делчево.

Во тек е тендерот за изградба на новата детска градинка во населбата Расадник во Делчево со која ќе се опфатат 150 дечиња.

Новиот градски пазар е во завршна фаза.

Изградена првата атрактивна фонтана во центарот на Делчево,фонтаната „Бесконечност“

**Проектите за енергетска ефикасност:**

Склучен договор за набавка на 90 лед светилки во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран преку Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), во висина од 1,4 милиони денари.

Изработка на Стратегија за енергетска ефикасност на Општина Делчево, со поддршка на ХАБИТАТ-МАкедонија;

Инсталирање фотоволтаици во СОУ „М.М.Брицо“ (инвестиција од 1.2 мил ден. преку Фондација отворено општество Македонија).

Издадени одобренија за изградба на 6 фотонапонски централи поставени на земја со вкупна инсталирана моќност од 4.746 КВ.

Издадени 5 решенија за фотонапонски панели на кров со вкупна инсталирана моќност од 947 КВ.

**Реконструкција на водоводната мрежа во Делчево**

Реконструкција на водоводната мрежа во три населби во Делчево со вкупна должина од 4,5 км.

Почеток на реконструкција на водоводната мрежа на улиците „Солунска“, „Ванчо Прке“ и „Острец“.

Реконструирана дел од дистрибутивната мрежа во Делчево- зона обиколен цевковод-крак 4 на дел од ул „Плачковица“ во должина од 400 м .

Изградена е нова водоводна мрежа во населба „Пролет“ во должина од околу 400 м.

Поставена нова водоводна линија на новиот градски пазар и околните парцели во должина од 200 м,

Поставена инсталација за атмосферска канализација на улицата кај новиот градски пазар во дочжина од 300 м..

**Изградба на улици и патишта**

Заврши изградбата на локалниот пат Делчево-Работивиште во должина од 5,3 км.

Реконструирана улицата „Скопска“

реконструиран дел од „Орце Николов“

Реконструирана критичната точка на ул „Острец“ со изградба на потпорен ѕид.

Изградена нова улица „Улица бр 3“ во централното градско подрачје во Делчево во должина од 370 м.

Прв пат асфалт добија улиците:

-крак на ул „Кеј на Брегалница“ во населбата Трети Реон

-ул „Грозданец“ во населбата Расадник,

-две улици во населбата Басарица,

– пристапна улица-крак на ул „Илинденска“

-потпорен ѕид на ул „Маршал Тито“.

-Рехабилитиран селскиот пат во с. Вирче во должина од 1, 3 км, вредноста на проектот е 2,5 милиони денари.

Инвестиции во образовните институции, за чиста животна средина, родова еднаквост, Локалниот младински совет, реализацијата на Програмата РОМАКТЕД, како и проектите од областа на културата.

Актуелности

# Буџетски форум



Во пресрет на подготовка на Буџетот на Општина Делчево за 2023, се одржа буџетски форум на кој активно учествуваа претставници од месни и урбани заедници, од граѓански сектор и институции.
Целта на организацијата на форумот е одредување на приоритетните проекти за реализација за наредната година детектирани од граѓаните, а Општина Делчево почитувајќи го гласот и мислењето на граѓаните и анализирајќи ги приоритетите на граѓаните ќе ги предвиди за реализација.
Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, кој го отвори Форумот, истакна дека во изминатите пет години се решија децениски проблеми, но има уште доста нерешени проблеми, а ова е форма преку која се слушне гласот на граѓаните.
– За мене како градоначалник е многу важно партнерството меѓу граѓаните и Општината, граѓанското учество во сите сфери од живеењето, бидејќи ние сме овде за вас, работиме во ваш интерес, а , секако, на општината, главната улога е сервис на граѓаните. Сведоци сте дека во изминатите изградивме многу и решивме деценски проблеми, одговоривме на вашите приоритети: изградивме капела, пешачки мост, во полн ек е изградбата на пречистителна станица за вода за пиење, реконструкцијата на водоводната мрежа и замена на старата дотраена азбестна инсталација со нова пвц-инсталација со што го решаваме проблемот со квалитетот на водата за пиење; во завршна фаза е изградбата на новиот современ градски пазар; паралелно градиме и реконструираме улици; знаете дека прв пат асфалт доби населбата Басарица, истакна Трајковски.
Тој додаде дека секоја година во Буџетот се предвидуваат средства за реализација на најразлични програми, како програмата од областа на заштита на животната средина, од областа на културата, програма за односи со јавноста и промоција на општината, програмата за родова еднаквост, средства за поддршка на реализација на проекти на граѓанските и спортските клубови и сл.
Во рамките на процесот беа презентирани актуелните и планираните проекти на Општина Делчево, како и предлог-рамката на Буџетот за 2023 година, а во вториот дел од Форумот, учесниците поделени во тематски групи ги претставуваа своите приоритети.

Актуелности

Актуелности

# Инсталирана фотоволтаична централа на СОУ „М.М.Брицо“



Заврши изградбата на фотоволтаична централа во СОУ „М.М.Брицо“. Инвестицијата за инсталирање на фотоволтаична централа за производство на електрична енергија од сончева енергија е вредна 1.1 милион денари и е обезбедена преку проектот на ФООМ „Пилотирање соларни панели во училиштата во Република Северна Македонија“.

Ова е значајна инвестиција и во време на енергетска криза, ќе донесе намалени трошоци за електрична енергија за средното општинско училиште, средства кои потоа можат да се искористат за други потреби на училиштето, истакна градоначалникот Трајковски и додаде дека заедно со претходните инвестиции во училиштето, изградбата на енергетско -ефикасна фасада, ќе донесе сериозен процент на заштеда на енергија и максимално искористување на сончевата енергија.

Фондацијата Отворено општество – Македонија – ФООМ идентификуваше училишта во помали населени места, рурални и урбани во кои по утврдување на соодветните технички можности за изведување, донира инсталација на фотоволтаични соларни системи на 5 училишта. Освен за Делчево, оваа донација е предвидена да се реализира и во Валандово, Чучер Сандево и Центар Жупа.

Општата цел на проектот е да се овозможи искористувањето на сончевата енергија и рационално користење на енергијата во пилот -училиштата со што ќе се поддржи еколошката транзиција на институциите, а истовремено ќе се стреми кон создавање т.н. зелени училишта преку едукација и вклученост на учениците и вработените за енергетска ефикасност.

Во Делчево досега се поставени фотоволтаици на три јавни објекти: општинската зграда, ООУ „Ванчо Прке“ и ООУ „Св.Климент Охридски.

# Делчево домаќин на 9 Стручен собир на пожарникари

Актуелности




Делчево беше домаќин на 9. Стручен собир на пожарникарството „Делчево 2022“ кој е во организација на Организациskиот одбор составен од професионалци –пожаникари, Министерството за внатрешни работи и Општина Делчево.

Во рамките на настанот во Делчево, пожарникарите од ТППЕ Делчево спроведоа тактичко-показна вежба-симулација на автомобилска несреќа и извлекување повредено лице, како и презентација на опрема за противпожарна заштита, по што се одржа 9 Стручен собир на кој учествуваа експерти и професионаци од областа на противпожарната заштита од Република Северна Македонија, како и од Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Бугарија.

На Стручниот собир беа одржани стручни предавање и презентации во кои се обработуваа актуелни теми, анализи, се пренесуваа и искуства од реални интервенции за: гаснење пожари, евакуација, спасување животи, природни богатства и животна средина, материјално– технички средства, технички интервенции на пожарникарите во различни услови на работа, искуства од прекуграничната соработка, презентација на нови методи и тактики, нова опрема и средства за работа на пожарникарите и др.

Како што истакна м-р Зоран Нешкоски- началник на Секторот за превентивно обезбедување личности и објекти во Одделот за заштита на определени личности и објекти при Бирото за јавна безбедност во МВР на РСМ, претседавач и главен организатор на Стручниот собир „Делчево 2022“, целта на настанот е да се поттикне развојот на пожарникарството, како професионалното, така и доброволното, организирањето вежби со различни сценарија и заеднички настап на службите за брза интервенција од: противпожарните единици од ТППЕ, полицијата, итната медицинска помош, Дирекцијата за заштита и спасување, Црвениот крст на РСМ и други хуманитарни и волонтерски друштва. Градоначалникот Горан Трајковски кој го отвори стручниот собир, потенцираше дека Општина Делчево е една од ретките општини во државава која, без помош и поддршка од надлежните институции, сами набавува опрема и возила за пожарникарите.

-По 4 децении, минатата година набавивме ново противпожарно возило, а со поддршка на пријателите од Доброволното противпожарно друштво Стари ТРГ об Колби од Општина Черномељ од Словенија, добивме донација од две противпожарни возила. Исто така и од противпожарната бригада на Град Скопје, обезбедивме опрема за лична заштита на пожарникарите, а перманентно ја набавуваме и потребната опрема за лична заштита со што на професионализмот додавама дополнителна и значајна квалификација, а тоа е личната заштита на пожарникарите. Мора да споменам дека последниве години инвестиравме и во осовременување и подобрување на условите за престој и работа на пожарникарите. Сите овие инвестиции зборуваат дека, како локална власт пристапуваме одговорно и посветено на прашањето противпожарна заштита, а нашите пожарникари од Општина Делчево и од општествено одговорните фирми, редовно ја добиваат потребната поддршка и логистика при секоја нивна поголема интервенција, истакна Трајковски.

# Донација за ТППЕ Делчево од Швајцарија

Актуелности



Делчевските пожарникари добија швајцарска донација од опрема за справување со пожари на објекти и отворен простор. Донацијата се состои од две скалила за гасење пожари високи по 22 метри и моторна пумпа со голема моќност за испуштање вода при поплави со што значително се подобрува опременоста на делчевските пожарникари. Градоначалникот Горан Трајковски кој заедно со претставници од Општина Делчево и ТППЕ Делчево деновиве беа во работна посета на Service du feu - Chardonne, од Швајцарија, изрази благодарност за донацијата со која за прв пат се обезбедува ваква опрема за ТППЕ Делчево.

–Донацијата се реализира во соработка со наши иселеници од Швајцарија за што изразувам голема благодарност, посебно до нашиот иселеник во Швајцарија, Валери Величков за неговата посветеност во оваа донација. Со нашите пријатели од Швајцарија разговаравме и за идната соработка, за нови донации и за обуки на делчевските пожарникари кои ќе придонесат за стручна надградба на капацитетите на пожарникарите, но и за можна соработка во други општествени сфери, додаде Трајковски.

Ова е втора странска донација за Територијалната противпожарна единица од Делчево. Претходно делчевските пожарникари добија две противпожарни возила –донација од Доброволното противпожарно друштво на словенечкиот град Чрномељ.





Актуелности

# Објавени конкурсите за општински стипендии

Општина Делчево ги објави конкурсите за доделување општински стипендии за ученици и студенти. Согласно конкурсите, Општина Делчево и годинава ќе доделува 28 стипендии за ученици и за студенти во две категории. Стипендиите се неповратни и ќе се исплаќаат за период од девет месеци започнувајќи од јануари 2023 г. Висината на стипендијата зависи од категоријата на која аплицира средношколецот, односно 1 000 ден месечно за првата категорија и 1.500 денари месечно за втората, додека висината на стипендиите за студенти изнесува 2.000 денари месечно за првата категорија и 3.500 денари месечно за втората категорија.

Годинава Општина Делчево додели 18 ученички стипендии во две категории.

Во **првата категорија** се предвидени 10 ученички стипендии за одлични ученици од II, III и IV година во учебната 2020/2021 година, со континуиран просечен одличен успех од 4.50 до 5.00 и со примерно поведение и ученици чии родители се невработени, со ниски месечни примања или приматели на социјална помош. Висината на стипендијата изнесува 1.000 денари месечно, а ќе се доделува 9 месеци почнувајќи од месец јануари 2023 година;

Во **втората категорија**, Општина Делчево додели 8 стипендии на ученици од СОУ „М.М.Брицо" Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето кои ги исполнуваат условите да се редовни ученици од II, III и IV година во учебната 2022/2023 година, со континуиран просечен одличен успех од 4.50 до 5.00 и со примерно поведение, како и ученици кои во претходната учебна година освоиле најмалку една награда во поединечна категорија за освоено прво, второ или трето место на државни или регионални натпревари. Висината на стипендијата изнесува 1.500 денари месечно, а се доделува 9 месеци почнувајќи од месец јануари 2023 година;

Годинава се доделуваат 10 стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија, во две категории.

Во **првата категорија**, Општина Делчево доделува 6 стипендии на редовни студенти од сите студиски години, освен I (прва), кои се жители на Општина Делчево и студираат на државните универзитети во РСМ, а се редовни студенти со континуиран успех над 8,00 кои не повторувале во текот на студирањето, студенти чии родители се невработени, со ниски месечни примања или приматели на социјална помош. Висината на стипендијата изнесува 2.000 денари месечно, а се доделува 9 месеци почнувајќи од месец јануари 2023 година.

Во **втората категорија**, Општина Делчево доделува 4 стипендии на редовни студенти од сите студиски години, освен I (прва) кои студираат на државните универзитети во РСМ и кои постигнале особено висок успех во студирањето, редовни студенти од техничките науки и медицински науки од сите студиски години освен I (прва), со континуиран успех од најмалку 8,00 и кои не повторувале во текот на студирањето, редовни студенти од општествените науки и факултетите од уметностите од сите студиски години, освен I (прва), со континуиран успех од најмалку 9,00 и кои не повторувале во текот на студирањето.Висината на стипендијата е 3.500 ден месечно, а се доделува 9 месеци почнувајќи од јануари 2023 г.

Конкурсот за доделување стипендии е објавен на општинската веб-страница, delcevo.gov.mk, и локалните медиуми. Потребните документи можат да се доставуваа по пошта и во Архива на Општина Делчево секој ден од 7.30 до 15.30 ч. Конкурсот е отворен до 6 декември 2022.

# Поставени контејнери за селекција на отпад од стакло

Актуелности




Општина Делчево ги известува граѓаните дека во градот Делчево на 5 локации се поставени контејнери за одвоено собирање отпад од стакло. Контејнерите се поставени на следните локации:
-.ул. „М.М.Брицо“ (на паркингот под СОУ„М.М.Брицо“ и комплексот Делчевчанка)

-ул. „Кеј на Брегалница“ спроти зграда бр.1,
-ул. „Н.Ј.Вапцаров“ (спроти влезот на ОУ „Ванчо Прке“)
-На градски пазар спроти влезот на Гостилница „Антика“
-Стар градски пазар (на паркингот кај ресторан „Царевоселски“).

Граѓаните можат отпадот од стакло од домаќинствата да го исфрлаат во кој било контејнер за одвоено собирање на отпадот кој потоа со претходна дојава ќе се подига од страна на ПАКОМАК ДОО Скопје.

Поставувањето на контејнерите за одвојување отпад од стакло е резултат на соработката и потпишаниот Договор за соработка и постапување со отпад од пакување меѓу Општина Делчево, ЈКП „Брегалница“ и Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје. Целта е воспоставување систем за целосно, ефикасно, економско оправдано и одржливо интегрално управување и постапување со отпад.

Инаку, имплементацијата на овој Договор значи и почеток на селектирање на отпадот во Делчево. За таа цел, ќе бидат дистрибуирани во периодот 2022-2025, 260 зелени пластични канти од 120 л за собирање ПЕТ-амбалажа, лименки и хартија и 20 зелени пластични контејнери за собирање стакло, а ќе бидат реализирани и кампањи за подигање на јавната свест во врска со целите и придобивките од собирањето и селекцијата на отпадот од пакување.

# Ќе се дислоцираат хаварисаните возила и опрема од јавните површини

Општина Делчево ги известува сопствениците на хаварисани, нерегистрирани возила, приклучни возила и земјоделски машини и механизација кои се поставени на јавни површини дека е потребно да ги отстранат од јавните површини на територијата на Општина Делчево. Паркирањето вакви возила на јавни површини е строго забрането, бидејќи, освен што ја нагрдува сликата на општината, го попречува и одвивањето на сообраќајот и ја загрозува безбедноста на учесниците во сообраќајот, посебно пешаците, но ја загрозува и негативно влијае врз животната средина. Сопствениците на вакви хаварисани возила, машини и опрема е потребно сами да ги отстранат, во спротивно ќе бидат отстранети од надлежните служби.

Актуелности

# Хоризонтална и вертикална сигнализација на новоизградените и реконструираните улици



На ноовоизградените и реконструираните улици во Делчево во тек е поставување хоризонтална и вертикална сигнализација.

Се поставува сообраќајна сигнализација на улиците „Острец“, „Скопска“, „Орце Николов“ и новиот локален пат Делчево – Тработивиште, а во периодот што ќе следува ќе се работи и на дел од улиците „Маршал Тито“, „Вера Јоциќ“, „Улица 3“ и „Улица 4“ во Централното градско подрачје.

Улиците „Острец“, „Скопска“, „Орце Николов“ и локалниот пат Делчево – Тработивиште беа реконструирани во рамки на проектот „Поврзување на локални патишта“, имплементиран од страна на Министерството за транспорт и врски, каде како завршна фаза е предвидено имплементирање сообраќајни решенија за подобрување на безбедноста во сообраќајот.

Додека за дел од улиците „Вера Јоциќ“, „Маршал Тито“ и „Улица 3“ кои беа реконструирани и изградени во МСИП2- проектот за подобрување на општинските услуги, Општина Делчево имаше обврска за поставување на сообраќајна сигнализација и опрема, а „Улицата 4“ се обележува како директна сообраќајна врска со „Улица 3“ и улица „Светозар Марковиќ“.

Имплементацијата на сообраќајните решенија се состои во поставување хоризонтална сигнализација (пешачки премини, стоп линии, разделни линии, автобуско и такси стојалиште итн.), вертикална сигнализација и опрема, како и технички средства за забавување на сообраќајот.

Финасирањето на сигнализацијата за улиците опфатени во проектот од Министерството за транспорт и врски е во рамки на финансиската конструкција од проектот, додека за улиците од МСИП 2 проектот финансирањето е од Буџетот на Општина Делчево.

Изведувач на работите за поставување на сообраќајната сигнализација е БОЈТА ИНГ Скопје.

# Денови на хуманост-дарувај со љубов

Актуелности



Петти пат по ред, локалните институции по повод Светскиот ден на лицата со посебни потреби ја реализираа манифестацијата „Денови на хуманост-дарувај со љубов“. Општина Делчево во партнерство со образовните институции и детската градинка, ЈЛБ „Илинден“, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево, „Бравура кооператива“, со низа активности ги организираа годинешните Денови на хуманост.

Целта за оваа активност е да се разбуди филантропијата и општествената одговорност и да се подигне свеста за лицата со хендикеп и нивното место во општеството. Активностите имаат заеднички именител-дека нема свет со различности и дека секој еден е важен.

„Подај им рака и биди им другар“ беше мотото под кое ЈЛБ„Илинден“-Делчево по повод 3 -ти декември, Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби, на децата од ООУ„Ванчо Прке“ кои се влкучени во редовна настава преку процес на инклузија, им подари сликовници и книги. Подарок книга добија и децата кои се вклучени во редовна настава преку процес на инклузија, како и на децата со пречки во развојот од ООУ„Св.Климент Охридски“ кои наставата ја следат во посебна паралелка. Традициналната ликовна работилница во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и ликовното студи „Белогаски“ ги обедини членовите на ликовното студио и лицата со попреченост, каде се учеа тајните на сликарството и се твореше на новогодишни мотиви. Делата кои се создадоа од оваа работилница ќе бидат подарени на Дневниот центар за лица со посебни потреби од Делчево.

**Аматерското драмско студио при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“под менторство на професорката Маријана Стоименовска ја одржа премиерата на детската претстава „Македонски туризам“која обработува мотиви од македонски народни приказни. Воедно, образовните институции организираа и низа активности со цел** подобро разбирање на полето на хендикеп, со фокус на правата на лицата со посебни потреби и придобивките кои ќе произлезат од процесот на интеграција на овие лица во секој аспект на политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот во нивната заедница.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**